**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ**
**„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД**

# К О Н К У Р С

**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ НА ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ**
**НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ**
**„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД**
**ВО АКАДЕМСКАТА 2026/2027 ГОДИНА**

**Септември, 2026**

Врз основа на член 103 точка 2, во врска со членовите 127 и 149, точка 1 од Законот за високото образование, член 11 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид и врз основа на Одлуките на Ректорската управа на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ арх. број 02-196/4 од 24.03.2026 година и бр. 02-480/11 од 25.09.2026 година и Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, Државниот универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид во академската 2026/2027 година, бр. 57-4991/7 од 15.07.2026 година, („Службен весник на РСМ“ бр.160 од 16.07.2026 година), Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, ул. Партизанска бб, Дом на АРМ, Охрид објавува

# К О Н К У Р С

**за запишување на студенти на трет циклус студии**
**на студиските програми на единиците**
**на Универзитетот за информатички науки и технологии**
**„Свети Апостол Павле“ Охрид во учебната 2026/2027 година**

## I. Број на студенти

На студиските програми од трет циклус студии на единиците на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид во академската 2026/2027 година, ќе се запишат **следниов број студенти**:

| **УИНТ „Свети Апостол Павле“ Охрид** | **Број на студенти** | **Износ на кофинансирање по семестар (ЕУР)** | **Времетраење на студиите** | **Број на кредити со кои се стекнува студентот по завршување на студиите** |
|---|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО** | | | | |
| Студиска програма по КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА | 17 | 700 евра (во денари) | три години (6 семестри) | 180 ЕКТС |

**а) Странски државјани**

- Странски државјани се запишуваат надвор од квотите утврдени во конкурсот.
- Селекцијата на странските државјани кои се пријавуваат за студирање на Универзитетот се врши врз основа на соодветноста на претходно завршен прв цикус студии. При пријавувањето кандидатите поднесуваат документ за Дипломи за завршен со решение за признавање на странската диплома од Министерството за образование и наука, уверенија за положени испити на прв и втор циклус студии со оценки и кредити, со еквиваленција на оценките, заверен превод на изводот од матичната книга на родените, заверен превод на државјанство и сертификат за познавање на англиски јазик.

- Школарината за странските државјани во учебната 2026/2027 година, изнесува 1250 семестрално, во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ на денот на плаќањето, доколку поинаку не е уредено со договор за меѓу универзитетска соработка.

Школарината за студирање на трет циклус студии е целосно на товар на студентот.
Другите надоместоци кои студентите ги плаќаат во текот на студирањето се во согласност со Ценовник за висина на надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид.

## II. Услови за конкурирање и запишување

На академски студии од трет циклус (докторски студии) можат да се запишат кандидати кои ги исполнуваат следниве општи услови:

- На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни академски студии од втор циклус, односно постдипломски студии, има остварено минимум 300 европски кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно, просек од најмалку 8 (осум) од остварените просеци на прв и втор циклус студии и ги исполнува другите услови согласно Законот за високото образование, за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот „Свети Апостол Павле“ Охрид и Конкурсот.
- Имаат завршено соодветни или сродни студии од прв и втор циклус пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и ги исполнуваат другите услови во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот „Свети Апостол Павле“ Охрид и овој Конкурс.

## III. Спроведување на Конкурсот и избор на кандидати

1. Советот на докторските студии на Универзитетот којшто ги организира докторските студии утврдува кои претходно завршени студии од втор циклус се соодветни и истите се објавуваат на интернет страницата на Универзитетот заедно со објавувањето на Конкурсот.
2. По истекот на роковите за пријавување Советот на докторските студии на Универзитетот констатира кои од кандидатите имаат соодветна комплетна документација според Конкурсот и за секоја студиска програма формира Комисија од тројца членови по правило од редот на акредитираните ментори на студиската програма, а доколку бројот на акредитирани ментори е помал од три, членови можат да бидат и наставници што се ангажирани на студиската програма.
3. Комисијата е должна да спроведе интервју со секој од пријавените кандидати за кои Советот констатирал дека поседуваат комплетна документација според конкурсот и да ја оцени нивната подобност врз основа на поднесената документација и презентацијата на предлог областа на истражувањето поднесено од кандидатот.
4. Комисијата може да дефинира и дополнителни критериуми врз основа на коишто ќе ги заснова препораките. На интервјуто, може да присуствуваат и сите слободни

акредитирани ментори на студиската програма, доколку истите не се назначени за членови на Комисијата.

5. Врз основа на поднесената документација и спроведеното интервју, Комисијата изготвува записник во којшто дава позитивна препорака за упис на трет циклус студии или не дава препорака, при што бројот на позитивни препораки не смее да го надминува бројот на слободни места според Конкурсот. Во записникот, за секој кандидат што добил позитивна препорака од страна на Комисијата се наведува и името на менторот што му дал прелиминарна согласност на кандидатот.
6. Врз основа на записникот од точка (5), Советот изготвува прелиминарна листа за секоја студиска програма посебно со кандидати за кои е дадена позитивна препорака. Во прелиминарната листа за секој кандидат се наведува и името на менторот кој дал согласност.
7. Во посебни листи се наведуваат и евентуалните кандидати за кои Комисијата во записниците не дале позитивна препорака како и кандидатите кои не ги исполнуваат условите за запишување на докторски студии.
8. Листите од точките (6) и (7) се објавуваат на огласната табла и интернет страната на Универзитетот.
9. Кандидатот кој смета дека постапката не е правилно спроведена, има право на приговор до Деканатската управа/Научниот совет на единицата на УИНТ што ги организира докторските студии, во рок од 24 часа од денот на објавувањето на прелиминарната листа од точките (6) и (7). Одлука по приговорот треба да се донесе најдоцна во рок од 3 работни денови од поднесувањето на приговорот и таа одлука е конечна.
10. По завршувањето на постапката по приговорите, Советот на докторски студии на Универзитетот, носи одлука за запишување на студентите на докторските студии и истата се објавува на огласната табла и веб страната на Универзитетот. Одлуката за запишување на примените кандидати е конечна.
11. Со запишувањето на докторските студии студентот се стекнува со статус студент на докторски студни.
12. При запишувањето, студентите потпишуваат Договор за студирање. Договорот се потпишува од страна на Претседателот на Советот на докторски студии на Универзитетот, Ректорот и студентот.

## IV. Рокови за пријавување и запишување на кандидатите

| | Прв уписен рок | Втор уписен рок |
|---|---|---|
| **Пријавување на кандидатите** | 13.10.2026 - 23.10.2026 | 01.12.2026 - 11.12.2026 |
| **Објавување на прелиминарна ранг листа** | 06.11.2026 | 25.12.2026 |
| **Објавување на конечна ранг листа** | 10.11.2026 | 29.12.2026 |
| **Запишување на кандидатите** | 11.11.2026 - 20.11.2026 | 30.12.2025 - 12.01.2027 |

## V. Документи за пријавување

**Пријавувањето во роковите утврдени со Конкурсот се врши во службата за студентски прашања.**

**При пријавувањето** за запишување на факултетите кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

1. Пополнет пријавен лист.
2. Мотивациско писмо за запишување на студиската програма,
3. Кратка биографија со вкупните постигнувања на кандидатот,
4. Потенцијална област на истражување и кратко образложение во кое што се дефинирани предметот и целите на потенцијалната област на истражување,
5. Предлог за ментор од листата на објавени слободни акредитирани ментори на студиската програма со кој кандидатот претходно стапил во контакт, се консултирал за областа на истражување и од кој добил прелиминарна согласност,
6. Дипломи за завршен прв и втор циклус студии во оригинал или копија заверена на нотар (кандидатите кои завршиле во странство, потребно е да достават решение за признавање на странската диплома од Министерството за образование и наука);
7. Уверенија за положени испити на прв и втор циклус студии со оценки и кредити, во оригинал или копија заверена кај нотар (кандидатите кои завршиле во странство доставуваат еквиваленција на оценките);
8. Доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение - оригинал);
9. Препораки од наставни или научни работници (доколку има такви);
10. Список на стручни или научни трудови, примерок од нив (доколку кандидатите имаат);
11. Документи за евентуални награди, признанија и други документи.
12. Потврда за уплата:
    - 500 денари на жиро-сметката на Универзитетот за пријава за упис согласно ценовникот на УИНТ, и уплата за административна такса од 50,00 денари.

Конкурсот е објавен на интернет страната на
Универзитетот за информатички науки и технологии
“Св. Апостол Павле”, Охрид
**www.uist.edu.mk**